Во акта-Арх. знак:
Рок на чување:
_______ г. Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примено: | 07.03.2022г. | | |
|---|---|---|---|
| Организац. | Бр. | Прилог | Вредност |
| 13 | 294/1 | - | - |

**До**

**Општина Демир Хисар**

***Службено лице за посредување со информации од јавен карактер***
***-Г-дин Игор Дамјановски-***

Предмет:-Барање на информација од јавен карактер:
Од:-[redacted];

Почитуван/а,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имам потреба од обезбедување на информација која се однесува на тоа Дали помеѓу општина Демир Хисар и општина Прилеп е склучен Договор за меѓуопштинска соработка, и доколку постои кога е склучен и во кој број на Службен весник е објавен.

Согласно законот за адвокатурата, член 3-а ст.1: „Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, како и правните и физичките лица кои имаат јавни овластувања, должни се на адвокатот во рок од осум дена да му ги дадат податоците и документите потребни во вршењето на адвокатската дејност во конкретен предмет, освен ако тоа не е во спротивност со должноста за чување на тајна согласно со закон“.

Поради горенаведеното, согласно член 3 – а од законот за адвокатурата на Република Северна Македонија и одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, го поднесувам ова барање и барам од Општина Демир Хисар во рок од 8 дена да ми ги издаде бараните податоци.

Молам бараните податоци да ми бидат доставени на адреса: [redacted]

Битола,
07.03.2022 година

[redacted]

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 07.03.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Прилеп, целосно се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Прилеп.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 07.03.2022 година под архивски број 13-294/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во Прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 10.03.2022 година, под бр. 13-294/2.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

Ве информираме дека помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Прилеп заклучно со 10.03.2022 година не е склучен договор за меѓуопштинска соработка.

Воедно Ве упатуваме во иднина да ги користите пропишаните обрасци при поднесување на барање за информации од јавен карактер кои можете да ги симнете од интернет страниците на Општина Демир Хисар и Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Исто така Ве информираме дека при постапување по барање на информација од јавен карактер, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер е должно да постапува единствено согласно законските рокови од член 21 и член 22 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер а не роковите кои ги имате наведено во барањето кои се однесуваат на други закони.

Со почит,

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување
со човечки ресурси

---------------------------------------------------------------